**<u>Образец бр. 2</u>**

# Иницијална проценка на влијание на регулативата за Законот за прогласување на Интегралната целина Острово за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

**1.** Опис на проблемите

Потреба од примена на критериуми за повторно прогласување на Интегралната целина Острово, согласно новата категоризација.

Главни Проблеми

- загрозување на вегетациските заедници и видовиот диверзитет на објектот на природата
- исполнување на обврските од Законот за заштита на природата

**2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Основни цели на регулативата се:

- заштита и зачувување на природните вредности и биолошката разновидност на локалитетот
- определување на субјект задолжен за управување на заштитеното подрачје
- определување на мерки и програми за заштита на локалитетот

**3. Идентификација на можни решенија (опции)**

***Опција 1:*** Не прави ништо.
***Опција 2:*** Донесување на Законот за прогласување на Интегралната целина Острово, Трубарево за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата и давање можност на Шумско-опитна станица при Шумарски факултет - Скопје да управува со заштитеното подрачје.
***Опција 3:*** Донесување на Законот за прогласување на Интегралната целина Острово, Трубарево за заштитено подрачје и определување на приватен субјект за управување со заштитеното подрачје.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**1. Трошоци**

| Опција | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| Трошоци за Министертсвото за животна средина и просторно планирање | 0 ден | 0 ден | 0 ден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Трошоци за Шумарски Факултет -Скопје | 0 ден | - 3.600.000 ден (годишно за работна сила за 6 лица);<br>- 120.000 ден (годишни трошоци за одржување на инфраструктурата и опремата)<br>- 60.000 ден (еднократен трошок изготвување и поставување на информативни табли) | 0 ден |
| Трошоци за приватниот субјект | 0 ден | 0 ден | - 3.600.000 ден (годишно за работна сила за 6 лица)<br>- 180.000 ден (еднократен трошок за опремување на 6 вработени за мониторинг и известување)<br>- 35.000 ден (еднократен трошок за објект за чуварската служба-тип контенјер)<br>- 150.000 ден (годишни трошоци за одржување на инфраструктурата и опремата)<br>- 60.000 ден (еднократен трошок изготвување и поставување на информативни табли)<br>- 300.000 ден (годишни паушални трошоци за обезбедување на простории и трошоци за информативен центар) |
| Вкупно еднократни трошоци | 0 ден | 60.000 ден | 275.000 ден |
| вкупно годишни трошоци | 0 ден | 3.720.000 ден | 4.050.000 ден |
| **Вкупно за првата година** | 0 ден | 3.780.000 ден | 4.325.000 ден |

*** За потреботе на оваа ПВР беа направени прееллиминарни претпоставки за трошоците.**

### 2. Придобивки

Со Законот за прогласување на локалитетот ИЦ Острово за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата како придобивки би се издвоиле:

-Еколошки придобивки (зачувувањето на природните вредности и биодиверзитетот);
-Едукативни придобивки (настава, вежби на студенти, студиски посети на јавноста);
-Економски придобивки (равој на еко туризам и алтернативни форми на туризам)

3. **Ризици и претпоставки**

Доколку би се применила законската рамка за заштита на природата не се очекуваат ризици.

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | ДА | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

Согласно Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина и Законот за заштита на природата е спроведена јавна расправа за горенаведениот предлог закон. Јавната расправа се одржа на 15.05.2009 година во просториите на Општина Гази Баба. Присутни беа преставници од:

- Општина Гази Баба;
- Министерството за животна средина и просторно планирање;

- Град Скопје;
- Шумарски Факултет, Скопје;
- Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје;
- Месната заедница с.Трубарево
- Печатени и електронски медиуми

Прашања опфатени во јавната расправа
- Прашања поврзани со изградбата и функционирањето на пречестителната станица која ќе се гради непосредно до заштитеното подрачје;
- Прашање по однос на екстензивното земјоделие и негово спречување во окружувањето на заштитеното подрачје;
- Прашање по однос на управувањето со заштитеното подрачје и потребни финансиски средства на управувачот за заштита на локалитетот;
- Прашање поврзано со сопственоста на земјиштето околу заштитеното подрачје.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

**Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Согласно спроведената анализа и коментарите и забелешките во текот на консултативниот процес во јавноста и со засегнатите страни, Министерството за животна средина и просторно планирање како преферирано решение ја прифати опцијата 2.

Опцијата 2 е прифатена поради постоечката структура и капацитетите на Шумско-оптитната станица при Шумарскиот факултет од Скопје.

1. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

   **-** Филип Иванов, Директор на Управа за животна средина

- Претставници на Сектор за Природа при МЖСПП
  - м-р Александар Настов, раководител на одделение за биодиверзитет
  - Дејана Наумчевска, помлад соработник во одделение за заштита на природно наследство
  - Даниела Камчева, помлад соработник во одделение за заштита на природно наследство

2. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- Претставници на МЖСПП

- Лидија Зафировска, државен секретар во МЖСПП
- Васил Анастасовски, раководител на сектор за природа

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Има влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, др. Неџати Јакупи, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

.......................................................................................... Датум: